ДРЖАВНО УЧИЛИШТЕ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА “МЕТОДИ МИТЕВСКИ – БРИЦО” – СКОПЈЕ
СПОРТСКА ГИМНАЗИЈА

STATE SCHOOL OF SPORT CULTURE “METODI MITEVSKI-BRICO”-Skopje
SPORT GIMNASIUM

---

Почитувани ученици и родители,

Ве известуваме дека учебната 2020/2021 година започнува на 01.10.2020год. (четврток). Учениците кои ја следат наставата на македонски наставен јазик почнуваат со прва смена од 7.30 часот, а учениците кои ја следат наставата на албански јазик почнуваат со втора смена од 13.30 часот.

Наставата ќе се реализира **on-line**, ќе учиме од далечина, ќе користиме интернет, комјутери, мобилни телефони, таблети. Класните раководители ќе ви ги испратат корисничките сметки и лозинки потребни за првото најавување во системот на Националната платформа за учење на далечина, одобрена од Министерство за образование и наука. Ќе комуницираме и со родителите, родителските средби ќе се реализираат на истиот начин (on-line). Обезбедивме и поддршка за родителите и учениците кои ќе имаат проблеми со користење на Националната платформа за учење на далечина.

Сите ние заедно, сме соочени со голем предизвик поради вирусот COVID-19, а тоа е да го реализираме воспитно-образовниот процес на еден различен начин од досегашниот, но желбата и потребата за нови знаења е поголема од сите пречки кои се исправени пред нас.

Наставниците и стручните соработници се спремни, наставните програми се прилагодени и можеме да почнеме. Воопшто не се сомневам дека на крајот сите ќе се гордееме на постигнатите резултати.

Директорот, стручните соработници и целиот наставен кадар Ви посакуваат среќен почеток на новата учебна 2020/2021година.

В.д. Директор

Љупчо Станковски

Конт. адреса Железничка ББ Скопје Р.Македонија Тел. +38923166550 – Директор +38923111822 e-mail: sportska_gimnazija@yahoo.com

www.dufkmmb.edu.mk